# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 127** **21 јуни 2019, петок** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1818. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој .......................................... | 3 |
| 1819. | **Одлука** за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална, урбанистичка, планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4-времено сместување КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево ........................ | 3 |
| 1820. | **Одлука** за одбивање на барањето за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производство на електрична енергија „Парк на ветерни електрани Еуроинг“ ДОО - Гевгелија......................... | 3 |
| 1821. | **Одлука** за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Балканлар пластик производство ДОО увоз-извоз Скопје–корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.... | 4 |
| 1822. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад........... | 4 |
| 1823. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Управен суд........................ | 4 |
| 1824. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Основен суд Неготино.......... | 5 |
| 1825. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен кривичен суд Скопје ................................................. | 5 |
| 1826. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен суд Скопје II – Скопје ................................................ | 5 |
| 1827. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас CO2 на локалитетот „Богарец“, во близина на с.Радобор, Општина Могила.............. | 6 |
| 1828. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба....................................... | 6 |

Стр.


1829. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште, земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште ................. **6**

1830. **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија .................................................. **7**

1831. **Одлука** за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Кавадарци ........................................... **7**

1832. **Одлука** за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте П. Мисирков“ - Кавадарци .......... **7**

1833. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип....................... **8**

1834. **Одлука** за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ “ – Гостивар ....... **8**

1835. **Одлука** за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци “ – Струга............................ **8**

1836. **Одлука** за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ – Велес .............. **9**

1837. **Одлука** за доделување на средства на Јавната установа - Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово................................... **9**

1838. **Одлука** за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ – Крива Паланка ....... **9**

1839. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје .... **9**

1840. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје .............................. **10**

1841. **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје................. **10**

1842. **Одлука** за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на граници во катастарска Општина Конче, Општина Конче...... **11**

1843. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за иновации и технолошки развој ............................ **16**

1844. **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функцијата за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија .... **19**

1845. **Одлука** за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на автотакси превоз на патници..... **19**

1846. **Решение** за исправка на Решението за именување директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија ......... **19**

1847. **Програма** за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2019 година................. **20**

1848. **Програма** за престанување на важењето на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година ................. **20**

1849. **Програма** за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година........ **20**

1850. **Програма** за дополнување на Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2019 година......... **23**

1851. **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог.. **23**

1852. **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација... **27**

1853. **Правилник** за формата и содржината на потврдата за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, описот на практикантската работа и времетраењето на практикантската работа................. **29**

1854. **Правилник** за формата и содржината на мандатниот платен налог....... **29**

1855. **Правилник** за формата и содржината на системот за евиденција, како и следењето и известувањето за практикантската работа....................... **31**

**Огласен дел** ........................................ **1-64**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1818.**

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/13, 81/13, 181/13, 1/14, 23/14, 136/14, 157/14, 139/15, 215/15, 133/16, 76/18, 100/18 и 127/18), во членот 11 став 1 по алинејата 11 се додава нова алинеја 12 која гласи:

„- услуги за авионско засејување на облаците за превенција од природни непогоди и неповолни климатски настани врз земјоделски посеви.“.

Во ставот 6 зборовите „алинеја 11“ се заменуваат со зборовите „алинеи 11 и 12“.

Член 2

Во членот 12 став 9 зборовите „алинеја 11“ се заменуваат со зборовите „алинеи 11 и 12“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-4341/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1819.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА А4-ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ КО ГЛУВО БРАЗДА, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4-времено сместување КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена,со вкупна површина од 5356 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 3389/1-деп | Глуво Бразда | Под Црква | нива | 5 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 5376 м² |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1074/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1820.**

Врз основа на член 58 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА „ПАРК НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ ЕУРОИНГ“ ДОО - ГЕВГЕЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука Барањето со бр.44-11542/1 од 26.12.2018 година на Друштвото за производство на електрична енергија „Парк на ветерни електрани Еуроинг“ ДОО - Гевгелија, за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект - Парк на ветерни електрани Еуроинг, се одбива.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2693/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1821.**

Врз основа на член 4-а став (11) и член 12 став (2) точка 29 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ БАЛКАНЛАР ПЛАСТИК ПРОИЗВОДСТВО ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ–КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Балканлар пластик производство ДОО увоз-извоз Скопје–корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-3545/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1822.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Судскиот совет на Република Северна Македонија да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари-опрема, кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Решението за отпишување на движни ствари бр.05-255/4 од 22.4.2019 година, донесено од претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3819/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1823.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА УПРАВЕН СУД**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | назив на движната ствар | карактеристики | количина | Инвентарен број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | компјутер со монитор и тастатура | On line PC Pentium (R), 4 CPU, 2.8 GHz, 256MB RAM, 40 GB HDD, Монитор (On line + HP), тастатура | 8 | 400 |
| | | | | 401 |
| | | | | 402 |
| | | | | 403 |
| | | | | 404 |
| | | | | 405 |
| | | | | 406 |
| | | | | 407 |
| 2. | компјутер | Msi NetOn AP1900 Intel Atom N270 1.6 GHz, 1GB RAM, 1600 GB HDD | 5 | 1065 |
| | | | | 1066 |
| | | | | 1067 |
| | | | | 1068 |
| | | | | 1069 |
| 3. | компјутер со монитор | Fujitsu Esprimo E520 Intel Core i3-4160 | 1 | 1473 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Управен суд.

Член 3

Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија склучува договор со претседателот на Управниот суд, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија."

Бр.45-3821/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1824.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

| назив на движната ствар | карактеристики | количина | инвентарен број |
|---|---|---|---|
| компјутер | Msi NetOn AP1900 Intel Atom N270, 1GB RAM | 1 | 1064 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Основниот суд Неготино.

Член 3

Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија склучува договор со претседателот на Основниот суд Неготино, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3822/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1825.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | назив на движните ствари | опис на движните ствари | количина | инвентарен број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | компјутер | Воркстатион ПС + монитор Интел П4 30 ГХз 80ГБ ХДД | 19 | 536 |
| | | | | 537 |
| | | | | 538 |
| | | | | 539 |
| | | | | 540 |
| | | | | 541 |
| | | | | 542 |
| | | | | 543 |
| | | | | 544 |
| | | | | 545 |
| | | | | 546 |
| | | | | 547 |
| | | | | 548 |
| | | | | 549 |
| | | | | 550 |
| | | | | 551 |
| | | | | 552 |
| | | | | 553 |
| | | | | 554 |
| 2. | компјутер | Анхох Пихио + монитор ЛЦД19- 943 Самсунг Интел Коре 2 Дуо 2.66 ГХз 2ГБ РАМ 300ГБ ХДД | 2 | 1024 |
| | | | | 1025 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Основниот кривичен суд Скопје.

Член 3

Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија склучува договор со Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3823/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1826.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | назив на движните ствари | Опис на движните ствари | количина | инвентарен број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | компјутери | Мси НетОн АП 1900 1ГБ РАМ | 6 | 1070 |
| | | | | 1071 |
| | | | | 1072 |
| | | | | 1073 |
| | | | | 1074 |
| | | | | 1075 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Член 3

Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија склучува договор со претседателот на Основниот суд Скопје II - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.45- 3825/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1827.**

Врз основа на член 52 став (5) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МИНЕРАЛНА ВОДА И ГАС СО2 НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БОГАРЕЦ“, ВО БЛИЗИНА НА С.РАДОБОР, ОПШТИНА МОГИЛА**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас СО2 на локалитетот „Богарец“, во близина на с.Радобор, Општина Могила, бр.24-2489/9 од 18.7.2013 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот Друштвото за трговија и производство Интер-Еврогенекс ДООЕЛ Ново Село, заради немање на економски интерес за натамошно извршување на концесијата.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас СО2 на Друштвото за трговија и производство Интер-Еврогенекс ДООЕЛ Ново Село на локалитетот „Богарец“, во близина на с.Радобор, Општина Могила бр. 41-4385/1 од 29.6.2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2013).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3913/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1828.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Иван-Хрис – Ацо Христов с. Мустафино Свети Николе за земјоделско земјиште со вкупна површина од 48077 м2 кое се наоѓа на КПбр.1033/3-дел, место викано Узун мера, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 41513 м2 запишана на Имотен лист бр.600 за КО Мустафино вон град и КП бр.1033/1-дел, место викано Узун мера, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 6564 м2 запишана на Имотен лист бр.29 за КО Мустафино вон град.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-3927/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1829.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А4-ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, КО СОПИШТЕ – ВОНГРАДЕЖЕН, ОПШТИНА СОПИШТЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Сопиште-вонградежен, општина Сопиште.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 3132м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 1654 | Сопиште-вонградежен | Осојница | пасиште | 4 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат | | | | 4691м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.45-3928/2 — 18 јуни 2019 година — Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1830.**

Врз основа на член 8 точка (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија и тоа премер објект кој се наоѓа на бул. „ЈНА“, Струга на КП бр.2513, КО Струга.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3975/1 — 18 јуни 2019 година — Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1831.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

Член 1

Со оваа одлука на Општина Кавадарци се пренесуваат во сопственост недвижни ствари сопственост на Република Северна Македонија, без надоместок, кои се наоѓаат на ул. „Лазо Мицев“ бр.10, на КП.бр.11968, КО Кавадарци 2, запишани во Имотен лист бр.11486 и тоа:

- зграда бр.1, намена на зграда во комунална дејност, влез 001, кат 01, бр.000, со внатрешна површина од 48м2;
- зграда бр.1, намена на зграда во комунална дејност, влез 001, кат ПР, бр.000, со внатрешна површина од 27м2;
- зграда бр.1, намена на зграда и помошни простории, влез 001, кат ХС, бр.000, со внатрешна површина од 10м2;
- зграда бр.2, намена на зграда во комунална дејност, влез 001, кат ПР, бр.000, со внатрешна површина од 65м2;
- зграда бр.3, намена на зграда во комунална дејност, влез 001, кат ПР, бр.000, со внатрешна површина од 41м2 и
- зграда бр.4, намена на зграда и помошни згради, влез 001, кат ПР, бр. 000, со внатрешна површина од 4м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-4002/1 — 18 јуни 2019 година — Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1832.**

Врз основа на член 74 став (3) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ДРЖАВНИОТ УЧЕНИЧКИ ДОМ „КРСТЕ П. МИСИРКОВ“ – КАВАДАРЦИ**

Член 1

Со оваа одлука на Државниот ученички дом „Крсте П. Мисирков“ - Кавадарци му се доделуваат вкупно 1.775.855 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режиски трошоци за потрошена електрична енергија и вода, а не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Државниот ученички дом „Крсте П. Мисирков“ - Кавадарци.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4074/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1833.**

Врз основа на член 33 став (4) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „ ДОНЕ БОЖИНОВ“ – ПРОБИШТИП**

Член 1

Со оваа одлука на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип му се доделуваат вкупно 236.300,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, раздел 16001, програма 6, потпрограма 60, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режиски трошоци за потрошена електрична енергија и вода, а не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4079/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1834.**

Врз основа на член 74 став (3) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНСКИ УЧЕНИЧКИ ДОМ „БРАНКО СТАНОЕВИЌ “ – ГОСТИВАР**

Член 1

Со оваа одлука на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ “ – Гостивар му се доделуваат вкупно 2.015.000,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режиски трошоци за потрошена електрична енергија и вода, а не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ “ – Гостивар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4080/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1835.**

Врз основа на член 74 став (3) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА УЧЕНИЧКИ ДОМ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ “ – СТРУГА**

Член 1

Со оваа одлука на Ученички дом „Браќа Миладиновци “ – Струга му се доделуваат вкупно 609.000,00 денари, од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режиски трошоци за потрошена електрична енергија и вода, а не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Ученички дом „Браќа Миладиновци “ – Струга.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4083/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1836.**

Врз основа на член 74 став (3) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНСКИ УЧЕНИЧКИ ДОМ „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ“ – ВЕЛЕС**

Член 1

Со оваа одлука на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“ – Велес му се доделуваат вкупно 268.000,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режиски трошоци за потрошена електрична енергија и вода, а не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“ – Велес.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4084/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1837.**

Врз основа на член 74 став (3) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ЈАВНА УСТАНОВА - ОПШТИНСКИ УЧЕНИЧКИ ДОМ „ПРОФЕСОР МИЈАЛКОВИЌ“ КУМАНОВО**

Член 1

Со оваа одлука на Јавна установа - Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово му се доделуваат вкупно 1.709.000,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режиски трошоци за потрошена електрична енергија и вода, а не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Јавна установа - Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4085/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1838.**

Врз основа на член 74 став (3) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНСКИ УЧЕНИЧКИ ДОМ „БОРО МЕНКОВ“ – КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука на Општински ученички дом „Боро Менков“ – Крива Паланка му се доделуваат вкупно 112.000,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режиски трошоци за потрошена електрична енергија и вода, а не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Општински ученички дом „Боро Менков“ – Крива Паланка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4086/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1839.**

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1844.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, и тоа премер на објектот кој се наоѓа на ул. „Плоштад Пресвета Богородица“ бр.3 во Скопје, на КП 12141/8, КП 12141/12, КП 12141/13, КП 12141/15, КП 12141/18, КП 12145, КП 12146, КП 12147, КП 12148/2, КП 12149, КП 12150, КП 12151, КП 12152, КП 12154/1, КП 12154/2, КП 12155, КП 12156/2, КП 12156/3, КП 12157/1, КП 12157/2, КП 12158/3, КО Центар 1.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-4415/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1845.**

Врз основа на член 9-а став 1 од Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/01, 42/03, 40/04, 70/06, 126/06, 88/08, 133/09, 171/10, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15, 23/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛИТЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ**

Член 1

Во Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15, 208/15, 202/16, 81/17, 193/17, 121/18 и 229/18) во членот 2 зборовите „30 јуни 2019 година“ се заменуваат со зборовите „31 декември 2019 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4597/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1846.**

Врз основа на член 9 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019) и член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), Владата на Република Северна Македонија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИСПРАВКА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Решението за именување директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија бр.24-4512/1 од 11 јуни 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.120/2019), се врши исправка, така што во точка 1 од решението наместо:„ Виктор Димовски“ треба да стои: „Викторио Димовски “.

2. Оваа исправка има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24 – 4512/2
21 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1847.**

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 238/18) и член 150-г, став (1) и член 274 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија”, бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ, КАКО И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕД НА УМРЕНИ ЛИЦА ЗА 2019 ГОДИНА**

1.Во Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/19 ) во глава IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА, точката 5 се менува и гласи:

„5. Во областа Обука на овластени лица за преглед на умрени лица, предвидени се финансиски средства за спроведување на обука за овластени лица за преглед на умрени лица со дефинирана цена од 18.750,00 денари по слушател. Исплатата ќе се врши согласно добиена фактура од Универзитет „Св.Кирил и Методиј‘‘ - Медицински факултет – Скопје, заедно со извештаите од институциите наведени во глава III, точка 5 од оваа програма, за целосна реализација на обуката.”.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-4003/1 | Заменик на претседателот
18 јуни 2019 година | на Владата на Република
Скопје | Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1848.**

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа програма престанува да важи Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.246/18).

2. На корисниците кои поднеле барање за остварување на надоместокот за субвенција за потрошена енергија до денот на влегување во сила на оваа програма и приложени сметки за платена електрична енергија или централно греење заклучно со мај 2019 година, односно платена сметка (фискална сметка и сметкопотврда) за останатите енергенси (огревно дрво, јаглен и екстра лесно масло за домаќинство/нафта за домаќинство) заклучно со денот на влегувањето во сила на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19), а на кои не им е извршена исплата, ќе се изврши исплата согласно Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 246/18).

Исплатата на средствата од став 1 на оваа точка ќе се врши од Буџетот на Министерство за труд и социјална политика – Раздел 15001, Потпрограма 50, ставка 464.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4438/1 | Заменик на претседателот
18 јуни 2019 година | на Владата на Република
Скопје | Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1849.**

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2019), во точката 1. Табелите „Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТА – Изградба на основни училишта“ и „Опис на пренесени и планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени на Потпрограма ТБ –Реконструкција на основни училишта“, се заменуваат со нови табели, кои гласат:

„Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТА – Изградба на основни училишта:

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2019 |
|---|---|---|---|
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на градежни активности** | |
| **СТУДЕНИЧАНИ** | Нов училишен објект во м.в. Љубош с.Батинци | Изградба на нов училишен објект | |
| **ГАЗИ БАБА** | ОУ„Вера Јоциќ“ Маџари | Изградба на нов училишен објект | |
| | | **ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ** | **39.674.000** |
| **ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2019** | | | |
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на градежни активности** | |
| **АЕРОДРОМ** | ОУ„Димитар Македонски“ нас. Лисиче | Довршување на изградба на нов училишен објект | |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | ОУ „Тихомир Милошевски“с.Волково (Новоселски пат) | Изградба на крило | |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | ОУ „Димитар Поп Беровски“ нас Хром | Изградба на крило | |
| **БУТЕЛ** | Изградба на нов училишен објект во нас.Визбегово | Изградба на нов училишен објект | |
| **ВЕЛЕС** | ОУ „Васил Главинов“, ПУ во с. Клуковец | Изградба на нов училишен објект | |
| **ЧУЧЕР САНДЕВО** | Изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце | Изградба на нов училишен објект | |
| **КУМАНОВО** | ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“ | Изградба на крило (доградба) | |
| **ЧАИР** | ПОУ „Иднина“ | Изградба на нов училишен објект | |
| **ЧАШКА** | ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште | Доградба и надградба | |
| **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2019** | | | **114.000.000** |
| Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти | | | 2.500.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, враќање на финансиски средства по задржан депозит и други трошоци (средства за непредвидени работи, дополнителни работи и вишоци по склучени договори) | | | 6.426.000 |
| | | **ВКУПНО** | **162.600.000** |

Опис на пренесени и планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени на Потпрограма ТБ –Реконструкција на основни училишта:

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2019 |
|---|---|---|---|
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на гладежни активности** | |
| **ДЕМИР КАПИЈА** | ОУ „Димката Ангелов Габерот„ ПУ с.Прждево | Комплетна реконструкција | |
| **ЧАИР** | ОУ Васил Главинов | Адаптација на простор за санитарен јазол, со реконструкција на крило ( прва фаза) | |
| **СТРУГА** | ОУ „ Јосип Броз Тито„ ПУ с. Радожда | Реконструкција на објект (архитектура, водовод, замена на електрика со воведување на топловодно греење | |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | Јоаким Крчовски с.Волково | Реконструкција на кров | |
| | | **ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ** | **22.300.000** |
| **ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2019** | | | |
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на гладежни активности** | |
| **БОГОВИЊЕ** | „11 Октомври" с.Ново село | Реконструкција на опожарен обект | |
| **ГОСТИВАР** | ОУ„ Гоце Делчев", Гостивар (прва фаза) | Реконструкција на кров, санација на рамна тераса со калкански ѕидови | |
| **ВЕЛЕС** | ОУ „Блаже Конески" | Реконструкција на систем за топловодно греење во | |
| **ГАЗИ БАБА** | ОУ „25 мај" нас..Сингелиќ | Реконструкција на котлара | |
| **СТРУГА** | ОУ „Единство" Октиси | Реконструкција на котлара | |
| **ТЕТОВО** | ОУ „Кирил и Методиј„ Тетово | Замена на кровен покривач | |
| **ПЛАНИРАНИ РЕКОНСТРУКЦИИ/ САНАЦИИ/ АДАПТАЦИИ ЗА 2019** | | | 19.700.000 |
| Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти, за обврски по склучени договори и за нови договори | | | 2.000.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, враќање на финансиски средства по задржан депозит и други трошоци (средства за непредвидени работи, дополнителни работи и вишоци по склучени договори) | | | 6.000.000 |
| | | **ВКУПНО** | **50.000.000** |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-4081/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1850.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19) и член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 238/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.246/2018, во делот III. Финансирање на заштитата на децата, во точка 4. Потпрограма 52-Надоместоци за детска заштита по зборовите „детски додаток", се додаваат зборовите „додаток за образование".

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-4621/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1851.**

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за правно лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член е дадена во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за работодавач - физичко лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член е дадена во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за одговорно лице во правно лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член е дадена во Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 08-4468/2
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Прилог бр.1

Државен инспекторат за труд
Број:
Датум год. во часот

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за практиканство, инспекторот ____________________________ од подрачје ____________________________ издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Назив | | Даночен број |
| Седиште | | Жиро сметка и деловна банка |
| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ ПРАВНОТО ЛИЦЕ | |
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум,место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта/патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој ја издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 --- ( општина каде се уплаќа) приходна шифра 05327 програма 72213000 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

______________________ М.П. ______________________
Потпис на сторителот Инспектор

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Прилог бр.2

Државен инспекторат за труд
Број:
Датум год. во часот
Врз основа на член 22 став 1 од Законот за практиканство, инспекторот ____________________ од подрачје ____________________ издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за работодавач - физичко лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ– ФИЗИЧКО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ-ФИЗИЧКО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум,место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта/патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој ја издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 --- ( општина каде се уплаќа) приходна шифра 05327 програма 72213000 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

М.П.

____________________ ____________________
Потпис на сторителот Инспектор

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Прилог бр.3

Државен инспекторат за труд
Број:
Датум год. во часот

Врз основа на член 2 став 1 од Законот за практикантство, инспекторот ____________________________ од подрачје ______________________________ издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за одговорно лице во правното лице)

Име и презиме ________________________________________________________________
Единствен матичен број на одговорното лице во правното лице____________________________________________________
Адреса_____________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
Број и датум на издавање на личната карта/ патна исправа ________________________________________________________________________
Податоци за правното лице,
Назив_____________________________________________________________________
Седиште___________________________________________________________________
Единствен Даночен број_____________________________________________________
Опис на прекршокот, ___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
Место и време на сторување на прекршокот ___________________________________________________________________________
Правна квалификација на прекршокот__________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
Записник за сторен прекршок ___________________________________________________________________________
да плати глоба во износ од _________ евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95 со уплатна сметка 840 ---- (општина каде се уплаќа) – 05327 приходна шифра и програма 72213000 .

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

______________________ М.П. ______________________
Потпис на сторителот Инспектор

**1852.**

Врз основа на член 19 ставови 2 и 9 од Законот за практиканство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација.

Член 2

Кога во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за труд, ќе констатира сторена неправилност за прекршок, на работодавачот, му врачува покана за едукација.

Поканата за едукација од став 1 на овој член, се врачува лично на работодавачот што се повикува на едукација.

Инспекторот треба да обезбеди уреден доказ дека работодавачот што се повикува на едукација, уредно ја примил поканата од ставот 1 на овој член.

Поканата од ставот 1 на овој член, се печати на хартија со бела боја, на А4 формат, во три идентични примероци, чија содржина е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Едукацијата се врши во просториите на Државниот инспекторат за труд.

По исклучок од став 1 на овој член, едукацијата може да се врши и во деловните простории на работодавачот во кои при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилноста.

Член 4

Едукацијата се врши во времето одредено од страна на државниот инспектор за труд.

Едукацијата се врши два пати месечно, а по потреба и повеќе пати.

Член 5

За спроведената едукација, се води евиденција, рачно и/или во електронска форма, која содржи:

- реден број;
- број и датум на поканата за евиденција;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- назив и седиште на работодавачот;
- кратко означување на предметот на едукација;
- име и презиме на инспекторот кој ја извршил едукацијата;
- датум кога е извршена едукацијата и
- забелешка.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 08-4468/3
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

Прилог

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
Државен инспекторат за труд

Број: од година

**ПОКАНА**
**за спроведување на едукација**

**1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација**

Име и презиме ____________________________________________
ЕМБГ ______________________место на раѓање________________
Адреса на живеење _______________________________________
Функција што ја врши кај работодавачот ______________________
Занимање ____________________државјанство__________________

**2. Податоци за работодавачот**

Назив и седиште _________________________________________
Бр. на трансакциска сметка __________________даночен број________
Депонент банка на работодавачот ____________________________

Државниот инспектор за труд ќе спроведе едукација во _______ часот, на ден ______ __________ година, во просториите на _____________________, лоцирани на Ул. ___________________________________
Предмет на поканата е ____________________________________
______________________________________________________

Име и презиме на инспекторот
______________________
М.П.
Место и датум на издавање
______________________

**ЗАБЕЛЕШКА:** Согласно член 19 став (5) од Законот за практиканство, доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

**1853.**

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ НА ПРАКТИКАНТОТ, ОПИСОТ НА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, описот на практиканската работа и времетраење на практиканската работа .

Член 2

Потврдата од членот 1 од овој правилник се пополнува од страна на работодавачот на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат и чија содржина е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 08-4468/4
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

---

**1854.**

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија” број 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА МАНДАТНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог.

Член 2

Мандатниот платен налог за овластеното службено лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на мандатниот платен налог од ставот 1 на овој член е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 08-4468/5
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Прилог

Државен инспекторат за труд
Број:
Датум год. во часот

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за практиканство, инспекторот ______________________ од подрачје ______________________ издава

## МАНДАТЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за овластено службено лице)

<table>
<tr><td>А</td><td colspan="2">БИТНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДЕЈСТВИЕТО ОД КОЕ ПРОИЗЛЕГУВА ПРАВНОТО ОБЕЛЕЖЈЕ НА ПРЕКРШОКОТ</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>Б</td><td colspan="2">ПОДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ</td></tr>
<tr><td>Име и презиме</td><td>ЕМБГ<br>Државјанин на</td><td>Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа, држава</td></tr>
<tr><td>Адреса на живеалиште или на привремен престој</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>В</td><td colspan="2">ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ</td></tr>
<tr><td>Назив</td><td>Седиште</td><td>Даночен број</td></tr>
<tr><td>Г</td><td colspan="2">ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК</td></tr>
<tr><td>Место и време на сторување на прекршокот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Правна квалификација на прекршокот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Записник за сторен прекршок</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Износ на утврдена глоба за прекршокот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Сметка за плаќање на глоба</td><td colspan="2">На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 --- ( општина каде се уплаќа) приходна шифра 05327 програма 72213000 со цел на дознака уплата на глоба мандатен платен налог број ______</td></tr>
</table>

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во мандатниот платен налог во рок од осум дена од денот на врачување на истиот на сметката означена во мандатниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат.
Ако сторителот доброволно не ја плати глобата во определениот рок, овој мандатен платен налог има сила на извршна исправа и ќе биде доставен до органот надлежен за присилно извршување.

______________________ М.П. ______________________
Потпис на сторителот Инспектор

**1855.**

Врз основа на член 16 од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА, КАКО И СЛЕДЕЊЕТО И ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на системот за евиденција, како и следењето и известувањето за практикантската работа.

Член 2

(1) Евиденцијата од член (1) од овој правилник, се води електронски од страна на работодавачот.

(2) Евиденцијата ги содржи следните елементи:

- податоци за практикантот (единствен матичен број на граѓанинот, презиме на практикантот, име на практикантот, вид и степен на завршено образование, степен за стручна подготовка, профил на завршено образование);
- податоци за пријавата на практикантот (датум на пријава-почеток на практикантската работа, работно место на кое се врши практикантската работа, работно време-часови неделно, предвидено времетраење на працтикантската работа);
- податоци за престанокот на практикантската работа (датум на престанок на практикантската работа, основ на престанок на практикантската работа) и
- висина на месечен надоместок на практикантот.

Член 3

Следењето и известувањето за практикантската работа се врши врз основа на доставените податоци од членот 2 став (2) од овој правилник, со пријавата и одјавата на практикантот во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-4468/6
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

ISSN 0354-1622
2019127

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.